Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), Управниот одбор на Агенција за вработување на Република Македонија, на ден 08.04.2018 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**
**за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија**

**Член 1**

Во Правилникот за систематизација на работните места во Агенцијата за вработување на Република Македонија, бр.02-586/3 од 04.04.2016 година и бр.02-825 од 09.03.2018 година, во Глава II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ И ПОМОШНО-ТЕХНИЧКИ РАБОТНИЦИ, во член 6 точка 1 во алинеја 8 бројот „174" се заменува со бројот „173".

Во точка 2 алинеја 1 во потточката 3 бројот „(1)" се заменува со бројот „(2)".

**Член 2**

Во Глава III.ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, во дел А.Сектори и одделенија, во Секторот за комуникација, меѓународна соработка и техничка поддршка, во работното место под реден број 10.Виш референт за достава на службени материјали, во делот Вид на образование, зборовите „Вишо-Јавна управа и администрација или Сообраќај и транспорт или средно стручно електротехничко, машинско или автомеханичарско образование" се заменуваат со зборовите „ Вишо или средно образование ".

Во работното место под реден број 11.Референт за достава на службени материјали во делот Вид на образование, зборовите „Вишо-Јавна управа и администрација или Сообраќај и транспорт или средно стручно електротехничко, машинско или автомеханичарско образование" се заменуваат со зборовите „ Вишо или средно образование ".

Во Секторот за правни и административни работи, во работно место под реден број 37.Виш референт за архивско работење, во делот Вид на образование, зборовите „Вишо правни науки или средно стручно економско, правно или машинско образование" се заменуваат со зборовите „ Вишо или средно образование ".

Во дел Б.Подрачни единици – центри за вработување, во работното место под Реден број 96 Референт за шалтерски услуги, во делот Број на извршители, зборовите „93 (деведесет и три)" се заменуваат со зборовите „92 (деведесет и два)", а по зборот „Куманово" бројот „(6)" се заменува со бројот „(5)".

Во работното место под Реден број 102 Портир - оператор, во делот Број на извршители, зборовите „1 (еден) - Центар за вработување на град Скопје (1)“ се заменуваат со зборовите „2 (два) - Центар за вработување на град Скопје (1), Центар за вработување Куманово (1)“.

**Член 3**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето на огласната табла и на интернет страницата на Агенцијата за вработување на Република Македонија, а ќе се објави по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација и од Владата на Република Македонија.

Бр. 02- 1022
03.04.2018 година

Претседател на
Управен одбор,
Миланчо Успрцов

АГЕНЦИЈА ЗА ВРАБОТУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА * СКОПЈЕ *